**Изјава на министерката Шекеринска при посетата на припадниците на Армијата кај Криви Дол**

Денеска сум во Овчеполието и во овој регион да изразам огромна благодарност и да честитам на припадниците на Армијата кои во текот на вчерашниот ден помагаа во сите општини, но успеаја навистина да пружат натчовечки напори да обезбедат магацинот во кој што нашата Армија ги чува резервите на муниција и кој што би претставувал ризик за сите нив и за сите нас како граѓани. Оваа акција немаше да биде толку успешна да не беше и навистина многу сериозната поддршка на локалната власт и на градоначалникот на Штип и во име на сите припадници на Армијата сакам да се заблагодарам на таа брза реакција.

Успеаја навистина во текот на ноќта, кога се сметаше дека е ризична ситуацијата, целосно да го заштитат објектот и целосно да го заштитат локалното население. Денеска битката со пожарот продолжува како и на многу места низ државата и навистина сакам да ги повикам сите наши граѓани, сите локални и централни власти да бидеме заедно и да бидеме добро координирани во справување со ова зло. Сега е навистина момент кога и институциите и многу поединци во Армијата, во противпожарните единици, во локалните власти, во институциите како ДЗС, ЦУК полиција и други покажаа на кого можеме да се потпреме и покажаа дека многу треба да се инвестира во системите за заштита и спасување.